Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 68/0306
01.04 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.02.2024 и на 05.03.2024 година, врз основа на примена жалба од Менде Петровски ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА

**Текстот објавен на порталот Апла.мк со наслов „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“, не отстапува од професионалните и етичките стандарди во новинарството**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Менде Петровски на 09.02.2024 до Извршната канцеларија на СЕММ поднесе претставка за текст објавен на порталот Апла.мк со наслов „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“, објавен на 5-ти февруари, при што се жали по повеќе основи од кои, за неточно и нефер известување, говор на омраза, дискриминација, мешање на факти и мислење, вест и коментар, нарушување на приватноста и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето.

Во прилог под друго, навел уште еден текст од Апла.мк со наслов „Директорка на државна институција и пензионер од Битола, наводно, оделе со службен автомобил во Албанија и Србија“. Овој текст е објавен три дена порано на 02.02.2024 година. Во претставката нема други појаснувања зошто жалителот смета дека се нарушени професионалните и етичките стандарди во новинарството со посочениот текст.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорот од авторката на текстот пристигнат на 26.02.2024 до Извршната канцеларија на СЕММ, беше, де факто, текст на „Независен.мк“, во кој уште во насловот се наведува дека „Обвинителството покрена истрага за случувањата во средношколскиот дом во Битола“. Темата за која се пишува и во обжалениот текст на порталот Апла, за работењето оваа државна образовна институција.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Текстот објавен на порталот Апла.мк на 05.02.2024 со наслов „Директорка на детскиот дом со државни пари плаќала пензионер за советник“ е во согласност со професионалните и етичките стандарди и со него не се прекршени Кодексот на новинарите на Македонија, ниту Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

Комисијата го разгледа текстот и оцени дека станува збор за приказна со јавен интерес. Во текстот се пласира информација дека посоченото лице, иако е пензионирано, добива хонорарни надоместоци од средношколскиот дом „Мирка Гинова“ за совети и мислења. И така, само во 2022 година, пензионерот добил околу 5 илјади евра. Во текстот транспарентно се наведува изворот - софтверската алатка Отворени финансии на Министерството за финансии, со која се регистрира секоја исплата на јавни пари на правни и физички лица, со што нема сомневање во тој факт. Исто така се наведува и дека пензионираното лице кое претходно работело во домот како правник и секретар, не е познато за што би можело да советува, со оглед на фактот што во Домот има вработено 6 лица, плус хонорарно ангажиран адвокат.

Медиумот обидувајќи се да ја провери втората страна испратил и прашања до Домот, на што добил одговор дека ќе добијат одговор подоцна, бидејќи прашањата биле обемни. Тоа е наведено јасно во текстот.

Од тука, иако може да се покрене прашањето зошто медиумот не навел дека го прашал конкретно и посоченото пензионирано лице, направен е минимум напор за да се задоволи првиот член од Кодекот и прашана е посочената втора страна, односно институцијата, па од тука Комисијата не мисли дека има прекршување на Кодексот на новинари на Македонија. Всушност по некаков редослед на важност, прашањата се упатени до Средношколскиот дом, затоа што текстот се однесува на аспекти од работењето на Домот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Во согласност со член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби бара од „Апла“ да ја објави оваа Одлука во рок од три дена од добивањето.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595